# МИЛИЌ СТАНКОВИЌ

Музеј на современа уметност — Скопје

## НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

„... Единството на општиот изглед Милиќ го бара во заедничката атмосфера, штимунгот, националните симболи и псевдоисториските алузии, во кое отсуството на континуитетот на дејството го надополнува со метафизичкото единство на времето. Тоа е еден бескраен ден на земјата Србија од цар Душан до кубанската криза полн со трагичен сјај, крв, пожар, меланхолија и вревата на измешаните претци. Според Милиќ оваа епопеја е апокалиптична, нејзините окрутни апсурди симболично се отелотворени во смртносните машини, чии садистички механизми гордо триумфираат над човечкото месо и крвта. Друг симбол на заканата е скаменетото небо. Тоа се збира во гигантски метеорити со боја на жолчката, што страшно лебдеат над грошните цивилизации. Оваа закана како да е повеќе фатализам отколку опомена. Народите што ползат по испуканата планета стануваат жртва на некоја слепа сила на која и подигаат споменици во облик на луѓе.

Тешко е да се објасни етиката на Милиќ. Расата на пигмеите. што ги претставува луѓето ги има предизвикано против себе и земјата под себе и небото над себе и страда поради кривицата за која не е сосема јасно дали се наоѓа во нив или надвор од нив. Затоа песимистичките пророштва на Милиќ остануваат донекаде недоречени и бараат објаснување.

Милиќ сé повеќе формата ја толкува со боја (маслинесто-зелена гама), а просторот со валери. Техниката му е всушност еден рафиниран стил, во кој природната леснина се меша со виртуозноста, а спонта-

носта со знаење. И затоа, наспроти на некои противречности на нивниот преголем литерарен фонд, сликите на Милиќ се примаат како полно и јадровито доживување. Во таква ликовна интерпретација и неговите загадочни епски монолози делуваат опојно и сугестивно.

ЃОРЃЕ КАНДИЈЕВИЌ („Књижевне новине", 17-V-1963 год.)

...Синот Радованов зачекори во фантастичниот свет на својата имагинација во сомнабулско халусцинирање и истка од воените години епски приказ на новата катаклизма на мачванскиот народ и земја. Сé е тука под знакот на тиквата полна со шира, слатка леплива шира, што наместо вода се пие на полињата на есенското симнување на плодот, со симболот на секирата падната во мед која во јули месец со експлозија се разурнува над плодната Мачва, испаѓаат луѓе — мравки со шлемови на Монголската окрутност и се растураат како дребни зрна на презреаниот мак; од макотрпното тело на земјата неуморно се иссисува млеко, непрекидно се врти тркалото на цедењето; сосема долу, при дното, молчат светците на средниот век како да не ја чувствуваат смрдеата што се шири од блатнестите селани на Мачва кои гнијат обесени на шабачките бандери... Напомена со потта на животот и потта на верувањата, делата на синот Радованов ја носат недоделената досега лента на првиот победник во трката за транспонирање на црните години на војната..."

С. МИШИЌ („ДАНАС", 4-VII-1961 г.)

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА УМЕТНИКОТ

Роден 30-X-1934 год. во мачванското село Белотиќ. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1959 год. Прв пат излагал во Шабац, 1950 год.

### ИЗЛОЖБИ

Самостојни изложби: во Белград 1959, 1960, 1962 и 1963; во селото Белотиќ, во слободен простор, 1960 год.; во Шабац 1959 и 1963 год.; во Крушевац 1963 год.

Колективни изложби: како член на УЛУС од 1959 год. на есенските и пролтените изложби на УЛУС; на изложбата „Медиале" 1959 год., во Белград; на изложбата на Српската графика во Нови Сад и Сараево 1960 год.; на изложбите на шабачките сликари од 1950 год.; со Ѓаковиќ и Милјуш во Карловац 1961 год.; на изложбата „НОБ во делата на југословенските уметници", во Белград 1961 год.; на Октомврискиот салон 1960 год., 1961 и 1962 год.; на I-то југословенско ликовно триенале, во Белград 1961 год.; на I-то југословенско биенале на надреализмот „Сон и фантазија", во Пожаревац 1962 год.; на Риječкиот салон 1963 год.; на изложбата на Современиот српски портрет во Белград 1963 год.; на изложбата на Српското сликарство на XX-от век, во Загреб 1964 год.; на II-та медитеранска изложба, во Тунис 1962 год.; на Светската изложба „100 години на Црвениот крст", во Женева 1963 год.; на изложбата „Фантасмажи", во Дизелдорф 1964 год.

Член е на УЛУС и „Фантасмажи" — „светско здружение на фантастичните и магичните сили во уметноста". Живее и работи во Белград и Мачва. Се бави и со графика.



## ИЗЛОЖЕНИ ТВОРБИ

**Слики подарени на Скопје:**

1. Поместен диференцијал, 1963
2. Побуна на обесениот, 1963
3. Сила што лебдее, 1961
4. Омајно паѓање на превезот, 1962
5. Под брегот за размислување, 1963

**Колекција на 9 бабини уроци (мартовска — 1962):**

I. Прв кожув
II Втор кожув
III Ги соблекува баба кожувите

IV Чисто-неделна Марта

V Капаци и садови

VI Теодоровички урак

VII Бабини вериги

VIII Дедовата баба и козлинја петрогчиња

IX Глува марта.

**Колекција седум понеделници (априлска — 1963)**

I Роглеста бубачка

II Цветници

III Љубов на штуката и скелетот

IV Појава на голомразица

V Појава на снегулки

VI Појава на прав

VII Будење пред мај.

**Полиптих на јулските востанички лили (1963)**

I Повик на востание

II Седмојулска востаничка пушка

III Втора пушка

IV Трета пушка

V Пукотница на пушки

**Минијатури**

25. Слово љубве, 1963
26. После стрелање, 1963
27. Непознати херои, 1963

28. Глава во Равиќ, 1964)
39. Дедовата баба, 1964
30. Автопортрет со ледениот брег, 1962
31. Диптихон на песната на Белград (Није го пали огинот и бескрајни јуриши), 1963
32. Освојување на сито, 1963
33. Атомска Србија, 1963
34. Црвена љубов, 1963
35. Сина тишина, 1963
36. Предавање на град, 1963
37. Шабачки хоризонти, 1962
38. Касетиран свет, 1962
39. Седмојулска востаничка топка, 1962
40. Плачлива грутка 1963.

**Поголеми формати од сината, црвената и жолтата фаза**

41. Во спомен на жртвите на фашизмот, 1963
42. Последиците на митската праапричина, 1963
43. Триптихон на балканските страданија и победи, 1963
44. Во седмојулската востаничка ноќ
45. Повторен зачеток на земјата, 1962
46. Праотецот Радован ја изградува иднината, 1962
47. Радовановите над Мачка, 1962
48. Глуво доба на ноќта, 1959
49. Ча-Андрија, 1960
50. Тетка-Цуја Нанина, 1960
51. Крајпатни камења
52. Столетијата во посета на Белград, 1961
53. Камника-камника — вретено, 1962
54. Вампирска свеченост на Звездара, 1961
55. Во спомен на Караѓорѓе, 1961
56. Агресор, 1963.



ОД КОЛЕКЦИЈАТА „9 БАБИНИ ХРОЦИ“



Триптихон на балканските страдања и победи — триер, леватор, ропство и слобода — 1962

Милиќ Станковиќ

Каталогот го издава Музејот на современа уметност — Скопје. Уредник и ликовна опрема — Кондовски Димитар академски сликар. Клиширано и печатено во Графичкиот завод „Гоце Делчев“ — Скопје